السنّة النبوية وعلومها
www.sunnah.global

# „Го сретнав Ибрахимноќта кога бев на Исра, а тој рече: ‚О Мухамед, поздрави го твојот умет и кажи им дека Џенетот има убава земја, и слатка вода

Од Абдулах бин Месуд, радијаллаху анху, се пренесува: Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Го сретнав Ибрахим ноќта кога бев на Исра, а тој рече: ‚О Мухамед, поздрави го твојот умет и кажи им дека Џенетот има убава земја, и слатка вода, и дека тој е рамнина, а неговите садници се: Субханаллах (Слава Му на Аллах), Елхамдулиллах (Благодарност на Аллах), Ла илахе иллаллах (Нема божество освен Аллах), Аллаху екбер (Аллах е најголем).‘“

[حسن بشواهده] [رواه الترمذي]

Пратеникот ни кажува дека се сретнал со Ибрахим, алејхи селам, ноќта на Исра и Мираџ, и тој му рекол: „О, Мухамеде, пренеси му на твојот умет селам од мене, и научи ги дека Џенетот има добра почва, свежа вода без сол во неа, и дека Џенетот е широк и рамен, без дрвја, а тие се садат со убави зборови, кои ќе останат засекогаш: Субханаллах, елхамдулиллах, ла илахе иллаллах и Аллаху екбер (Фала му на Аллах, нека е славен Аллах, нема божество освен Аллах, Аллах е најголем), секогаш кога муслиманот ќе ги каже и ќе ги повтори, ќе му се засади садница во Џенетот.“

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3791

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee